РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр.02-3341/3
02.10.2026 година
С К О П Ј Е

ЗАПИСНИК
од двесте педесет и третата седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 21 септември 2026 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 21 септември 2026 година, со почеток во 13:00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте педесет и третата седница на Управниот одбор на Академијата на која со физичко присуство присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Златко Биковски, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, д-р Али Алиу, член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО, додека поради професионални обврски онлјан се вклучи и ја следеше седницата Спасенка Андонова, заменик претседател на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Анела Јанковска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Во својство на јавност на седницата присуствуваше и Ивана Петковска, програмска координаторка и правен експерт во „Коалцијата сите за правично судење".

Претседателот на Управниот одбор, претседател на Основен граѓански суд Скопје, Бесник Авдија, откако констатираше присуство на сите членови и дека се исполнети условите за работа, го прочита предложениот дневен ред за 253-та седница:

1. Усвојување на Записник од 251 седница на Управниот одбор одржана на 10 јули 2026 година;
2. Усвојување на Записник од 252 седница на Управниот одбор одржана на 20 август 2026 година;
3. Назначување на член на Програмски совет на Академијата за судии и јавни обвинители
4. Запознавање со Каталог на обуки за 2027 година
5. Разно.

Претседателот на Управниот одбор, отвори дискусија по однос на вака предложениот дневен ред, но со оглед на тоа дека немаше пријавени за збор, истиот го стави на гласање. Дневниот ред беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред: Усвојување на Записник од 251-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, одржана на 10 јули 2026 година.

Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 251-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Се премина на **точката два** од дневниот ред: Усвојување на Записник од 252-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, одржна на 20 август 2026 година.

Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, но имајќи предвид дека немаше пријавени за збор, Записникот од 252-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен од страна на сите членови на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.

Точката три од дневниот ред се однесуваше на назначување на член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители од редот на редовните и вонредените професори по правни науки со академско звање доктор на науки.

На самиот почеток директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски побара збор. Се повика на член 21 од Законот за Академија во кој се вели дека директорот на Академијата ги свикува и раководи со седниците на Програмскиот совет на Академијата, па од таа причина, а и да се избегне постоење на судир на интереси, побара од членовите на УО да биде исклучена во овој дел од седницата.

Членовите на УО се согласија со директорката на Академијата и побараа да ја напушти просторијата до завршувањето на оваа точка од дневниот ред.

На членовите им беа доставени апликациите на заинтересираните професори на увид, пришто, членот Антоанета Димовска, забележа дека на дел од апликантите кратките биографии не им се доставени на македонски јазик, односно истите се доставени на албански или англиски јазик, но не и на македонски јазик. Според неа, официјален јазик во државата е македонскиот јазик и документите кои се доставуваат до институциите треба да бидат преведени на македонски јазик. Таа побара од Академијата да се стапи во контакт со конректните апликанти и да се побара истите да ги достават своите кратки биографии на македонски јазик.

Мнозинството членови на Управниот одбор се согласија со ставот на членот Антоанета Димовска, поради што претседателот на Управниот одбор го стави на гласање нејзиниот предлог. Со 6 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ предлогот на членот Антоанета Димовска беше усвоен. Назначувањето на нов член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители беше одложено, односно, ќе се изврши на наредната седница на Управниот одбор која е закажана на 2 октомври, со физичко присуство, со почеток во 14:00 часот.

Во рамки на точката 4 од дневниот ред, а согласно член 15 став 2 од Правилникот за континуирана обука на Академијата, на членовите на УО им беше доставен на запознавање Каталогот на обуки за 2027 година кој е изготвен од страна на Програмскиот совет.

Под точката разно согласно член 11 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, став 21, директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски ги информираше членовите на УО за барањето за поддршка на предлог проектот ЕУ интегритет- имплементација на Европските антикорупциски стандарди за јакнење на институционалниот интегритет и демократскиот одговор, кое беше доставено до Академијата од страна на Регионалната иницијатива за антикорупција (РАИ). Како што информираше директорката на Академијата, поддршката Академијата ја изразува со потпишување на писмо за поддршка. Ова писмо за поддршка не создава никакви правни или финансиски обврски за Академијата, ниту пак претставува обврска за примање или управување со средствата за проектот. Тоа го одразува интересот на Академијата да го поддржи Проектот ЕУ-Интегритет и да придонесе кон негова успешна реализација, во рамките на важечкото национално законодавство, институционалните процедури, оперативната доверливост и расположливите ресурси.

Сите членови на УО дадоа позитивно мислење во однос на барањето за поддршка.

На прашањето на претседателот на УО дали има уште прашања под точката разно, за збор се јави членот Радица Лазареска Геровска која побара информација од директорката на Академијата за моменталниот статус на предлог Законот за Академија.

Директорката на Академијата ги извести членовите дека прифатени се голем дел од забелешките кои биле доставени до работната гурпа и дека потребните усогласувања се веќе направени.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени и никој не се јави за збор, претседателот на Управниот одбор ја затвори 253-та седница на Управниот одбор на Академијата во 14:00 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Анела Јанковска
Советник за правни пребарувања и односи со јавност